Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто четириесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,одржана на 25 април 2023 година**

**Скопје, април 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто четириесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,одржана на 25 април 2023 година**

Седницата започна во 15:05 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирањеи д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, Викторија Аврамовска-Мадиќ,заменик на министерот за правда и м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Агрон Речи, државен правобранител на Република Северна Македонија и Васко Стефанов, директор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје.

Од седницата отсуствуваачленовите на Владатад-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Кренар Лога, министер за правда и д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**Пред преминување на Дневен ред**

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

  - Информација за одржан билатерален скрининг за област Функционирање на демократски институции од Кластер1- Фундаментални вредности и преземени обврски, со прилози

  - Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 9-Финансиски услуги од Кластер 2-Внатрешен пазар и преземени обврски, со прилози

  - Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 28-Заштита на потрошувачите и јавно здравје од Кластер 2-Внатрешен пазар и преземени обврски, со прилози

1. Годишна сметка на Акционерското друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија во државна сопственост Скопје за 2022 година, Годишен извештај за работењето на Акционерско друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија во државна сопственост Скопје во 2022 година, Годишен извештај за работата на внатрешна ревизија за период од 1 јануари 2022 година до 31 декември 2022 година и Извештај за резултатите од контролата на Надзорниот одбор над управувањето со Акционерското друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија во државна сопственост Скопје во 2022 година, со Предлог-одлука

2. Информација за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Кемет електроникс Македонија ДООЕЛ Скопје, со текст на Предлог-договор и прилози

3. Информацијаза доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија Магна мекатроникс Северна Македонија ДООЕЛ Штип,со усогласен текст на Договор и Предлог-одлука

4. Информација во врска со донесување на одлука за согласност за изградба на државен пат на Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

5. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пасиштата, по скратена постапка

6. Информација за потпишување на договор меѓу Европска Унија од една страна и Северна Македонија од друга страна за учество во Програмата на Унијата „Живот“ (LIFE) за заштита на животната средина и климатски активности, со усогласен текст на Договор

7. Информација во врска со Барањето на концесионерот Хидро електрик пауер ДООЕЛ Ново Село за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево

8. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-гранит на локалитетот „Градиште" Општина Штип 3/2023 и Тендерска документација за спроведување на постапката

9. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-метални минерални суровини на локалитетот „Пекљани" Општина Виница 4/2023 и Тендерска документација за спроведување на постапката

10. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Чардак" с. Мали Влај, Општина Струга 2/2023, со Тендерска документација за спроведување на постапката

11. Информација за напредокот на работата на Работната група за воведување нови финансиски инструменти во земјоделскиот сектор во Република Северна Македонија, со дополнување

12. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за испустен канал за одведување на отпадни води од ТИРЗ Прилеп со потребни хидротехнички објекти за ТИРЗ Прилеп, КО Алинци, Општина Прилеп, со Предлог-одлука

13. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за уредување на просторот со намена Е1-комунална инфраструктура, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

14. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Планска програма за изработка на урбанистички план за село Чифлик, КО Чифлик, Општина Чешиново-Облешево, со Предлог-одлука
15. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство на вино Винарија Крњево ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.„1558" бр.18-А/ Радишани, Бутел, Скопје, со Предлог-одлука

16. Информација во врска со капитални инвестиции, со дополнување

17. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.92911 за КО Охрид 1 на КП бр. 8296/1, викано место/улица „Дејан Војвода", Имотен лист бр.11573 за КО Охрид 1 наКП бр. 8296/2, викано место/улица „Дејан Војвода50" и Имотен лист бр. 11572 заКО Охрид 1, на КП бр.8296/2, викано место/улица „Дејан Војвода"

18. Понуда од нотар Игор Ефремоски од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100807 за КО Кривогаштани на КП бр.7407/2, викано место/улица „Село"

19. Заклучок за усна јавна продажба, доставен од извршителМетодија Костадинов, под И.бр. 41/18

20. Кадровски прашања

21. Прашања и предлози

22. Извештај за начинот на искористување на средствата на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“-П.О. Скопје, согласно Одлука бр. 40-9068/1 од 17.8.2021 година и Одлука бр. 40-12861/1 од 21.12.2021 година, со дополнување

23. Тримесечен извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, за период од 1 октомври до 31 декември 2022 година

24. Извештај за финансиското работење на ЈП „Стрежево“ -Битола, за период од 1 октомври 2022 година до 31 декември 2022 година

25. Извештај за работа на Институт за стандардизација на Република Северна Македонија за 2022 година

26. Информација во врска со Полугодишниот финансиски и оперативен Извештај за периодот јули-декември 2022 година за „Меѓународниот аеродром Скопје“ и „Св. Апостол Павле“-Охрид на ТАВ Македонија

27. Информација во врска со поднесено Барање од страна на Здружение на граѓани „Засегнати сопственици на недвижен имот“, Берово, со План за реализација

28. Извештај за реализација на Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија за 2022 година

29. Извештај за реализација на Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2022 година

30.Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност „Мерки, политики и проекти за заштита и унапредување на пчеларството во Република Северна Македонија“

31. Информација за одржување состанок на македонско-германската Мешовита комисија за меѓународен патен транспорт на патници и стоки, 26 април 2023 година во Скопје

32. Предлог-одлука за давање согласност за именување почесен конзул на Кралството Норвешка во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје

33. Информација за одбележување на 30 години членство на Република Северна Македонија во Организацијата на обединетите нации (ООН) во Њујорк

34. Предлог-одлука за отворање на Почесен конзулат на Кралството Норвешка во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје

35.Информација за статус на проектот за закуп на ЛНГ терминал во Александрополис, Република Грција, со текст на договори и преддоговори

36. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

37. Информација за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот-Изградба на фекална канализација с.Мустафино, Општина Свети Николе

38. Информација за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот-Намалување на загуби на вода со инсталација на мониторинг систем за далечинско отчитување за потребите на Општина Крива Паланка

39. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Здружението за афирмација на ликовното творештво, организација на ликовниот живот и збогатување на ликовната култура, Друштво на ликовните уметници на Македонија-Скопје

40. Информација за платите на директорите во установите од областа на културата со Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на коефициенти и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата

41. Информација за Годишен план за вработување за 2023 година на Министерство за здравство

42. Информација за обезбедување на модулаторна терапија за пациенти болни од цистична фиброза

43. Информација за поведување постапка за потпишување на Конвенцијата за признавање и извршување на странски пресуди во граѓански или трговски работи (Хаг, 2 јули 2019 година), со текст на Конвенција

44. Предлог-уредба за начинот и постапката за користење на финансиска поддршка за мерките за рурален развој финансирани од Програмата ИПАРД 2021-2027

45. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Јурукоски Секо ДООЕЛ против Северна Македонија А.бр. 471/19

46. Информација за статусот на ИПА проектот „Зајакнување на е-Влада“ и Акцискиот план за реализација на активности

47. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки

48. Информација за потребата на реализирање и воспоставување на единствена сообраќајна површина, пред и по управната зграда на ГП Табановце со намена Е1-комунална инфраструктура-сообраќајна инфраструктура

*

*    *

**Пред преминување на Дневен ред:**

**Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

- **Информација за одржан билатерален скрининг за област Функционирање на демократски институции од Кластер 1- Фундаментални вредности и преземени обврски, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за одржан билатерален скрининг за област Функционирање на демократски институции од Кластер 1- Фундаментални вредности и преземени обврски, со прилози и ја усвои со следниот заклучок:
- Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, преку Постојната мисија при Европската Унија во Брисел, да ги достави одговорите на прашањата и прилозите до Европската комисија, на англиски јазик, најдоцна до 5 мај 2023 година.

- **Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 9-Финансиски услуги од Кластер 2-Внатрешен пазар и преземени обврски, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за одржан билатерален скрининг за Поглавје 9-Финансиски услуги од Кластер 2-Внатрешен пазар и преземени обврски, со прилози и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, преку Постојната мисија при Европската Унија во Брисел, да ги достави одговорите на прашањата и прилозите до Европската комисија, на англиски јазик, најдоцна до 5 мај 2023 година.

- **Информација за одржан билатерален скрининг заПоглавје 28-Заштита на потрошувачите и јавно здравје од Кластер 2-Внатрешен пазар и преземени обврски, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за одржан билатерален скрининг за Поглавје 28-Заштита на потрошувачите и јавно здравје од Кластер 2-Внатрешен пазар и преземени обврски, со прилози и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, преку Постојната мисија при Европска Унија во Брисел, да ги достави одговорите на прашањата и прилозите до Европската комисија, на англиски јазик, најдоцна до 5 мај 2023 година.

*

*      *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>**Точка 1**</u>

Владата по Годишната сметка на Акционерското друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија во државна сопственост Скопје за 2022 година, Годишниот извештај за работењето на Акционерско друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија во државна сопственост Скопје во 2022 година, Годишниот извештај за работата на внатрешна ревизија за период од 1 јануари 2022 година до31 декември 2022 година и Извештајот за резултатите од контролата на Надзорниот одбор над управувањето со Акционерското друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија во државна сопственост Скопје во 2022 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за одобрување на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето на

Акционерското друштво за аеродромски услуги Аеродроми на Република Северна Македонија во државна сопственост Скопје за 2022 година.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Кемет електроникс Македонија ДООЕЛ Скопје, со текст на Предлог-договор и прилози и согласно позитивното Мислење од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се укажува на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во рок од 90 дена до Владата да достави Предлог-договор за долготраен закуп на градежно земјиште за парцели во ТИРЗ Штип, за инвестицијата во ТИРЗ Штип.

2. Се укажува на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, по добивањето на решение за дозволено доделување на државна помош од Комисијата за заштита на конкуренцијата до Владата да достави Предлог-одлука за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Кемет електроникс Македонија ДООЕЛ Скопје за ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Штип.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија Магна мекатроникс Северна МакедонијаДООЕЛ Штип, со усогласен текст на Договор и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство и трговија Магна мекатроникс Северна Македонија ДООЕЛ Штип-корисник на Технолошка индустриска развојна зона Штип.

Исто така, да се има предвид Мислењето на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесување на одлука за согласност за изградба на државен пат на Општина Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за изградба на државен пат на Општина Кавадарци.

**Точка 5**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за пасиштата, по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Министерство за финансии.

2. Пречистениот текст на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пасиштата, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Реџаил Исмаили, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Нефрус Челику, директор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на договор меѓу Европска Унија од една страна и Северна Македонија од друга страна за учество во Програмата на Унијата „Живот“ (LIFE) за заштита на животната средина и климатски активности, со усогласен текст на Договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот меѓу Европската Унија од една страна и на Република Северна Македонија од друга страна за учество на Република Северна Македонија во програмата на Унијата LIFE-Програмата за акција за животна средина и клима.

2. Се определува Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот помеѓу Европската Унија од една страна и Република Северна Македонија од друга страна за учеството на Северна Македонија во програмата на Унијата LIFE-Програма за животна средина и климатска акција.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од еден месец да номинира две контакт лица за ЕУ програмата „Живот“ од Министерството за животна средина и просторно планирање до Европска комисија.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања во рок од еден месец во комуникација со Европската комисија да ја испита можноста за кофинансирање на дел од влезениот билет за учество на Република Северна Македонија во програмата „Живот“ од 2023 до 2027 година, преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА) и да го извести Министерството за животна средина и просторно планирање.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги обезбеди потребните финансиски средства за влезен билет за учество на Република Северна Македонија во програмата „Живот“ во евра со ребаланс на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година и да ги програмира до 2027 година со следниот распоред:

-за 2023 година во висина од 246.452 евра,
-за 2024 година во висина од 247.568 евра,
-за 2025 година во висина од 260.899 евра,
-за 2026 година во висина од 277.526 евра и
-за 2027 година во висина од 295.700 евра.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Хидро електрик пауер ДООЕЛ Ново Село за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја овласти Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија, како концедент да склучи Анекс кон Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево, бр. 11-2357/1 од 4.4.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 14.10.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Хидро електрик пауер ДООЕЛ Ново Село да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мокриево, најмалку до 14.12.2023 година.

**Точка 8**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-гранит на локалитетот „Градиште" Општина Штип 3/2023 и Тендерска документација за спроведување на постапката, за наредната седница на Владата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 9**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-металични минерални суровини на локалитетот „Пекљани", Општина Виница 4/2023 и Тендерска документација за спроведување на постапката, за наредната седница на Владата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 10**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Чардак", с. Мали Влај, Општина Струга 2/2023, со Тендерска документација за спроведување на постапката, за наредната седница на Владата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на работата на Работната група за воведување нови финансиски инструменти во земјоделскиот сектор во Република Северна Македонија, со дополнувањето и условно ја усвои, доколку Министерството за правда достави мислење, со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од седум дена да формира Работна група со претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии, Министерството за економија и Министерството за правда со цел подготовка на Предлог на закон за аграрна задолжница и складишница.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Предлогот на закон за аграрна задолжница и складишница да го достави до Владата во рок од шест месеци.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за испустен канал за одведување на отпадни води од ТИРЗ Прилеп со потребни хидротехнички објекти за ТИРЗ Прилеп, КО Алинци, Општина Прилеп, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за испустен канал за одведување на отпадни води од ТИРЗ Прилеп со потребни хидротехнички објекти за ТИРЗ Прилеп, КО Алинци, Општина Прилеп.

## Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за уредување на просторот со намена Е1-комунална инфраструктура, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за уредување на просторот со намена Е1-комунална инфраструктура, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Планска програма за изработка на урбанистички план за село Чифлик, КО Чифлик, Општина Чешиново-Облешево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Планска програма за изработка на урбанистички план за село Чифлик, КО Чифлик, Општина Чешиново-Облешево.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство на вино Винарија Крњево ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.„1558“ бр.18-А/ Радишани, Бутел, Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 16**

Владата јаразгледа Информацијата во врска со капитални инвестиции, со дополнување и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да формира работна група за изработка на Предлог на закон за изменување на Законот за јавни набавки со кој ќе се овозможи промена на договорите за извршување на работи склучени пред 2020 година, во насока на промена на цените во договорите, независно дали тоа било предвидено во тендерските документации врз основа на кои се склучени договорите и во рок од 30 дена истиот да го достави до Владата.

2. Се задолжува Министерството за финансии во најкус можен рок да побара номинации на членови во работната група за изработка на Предлогот на закон за изменување на Законот за јавни набавки од надлежните институции, а истите во рок од три дена да номинираат свои претставници.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.92911 за КО Охрид 1 на КП бр. 8296/1, викано место/улица „Дејан Војвода“, Имотен лист бр.11573 за КО Охрид 1 наКП бр. 8296/2, викано место/улица „Дејан Војвода50“ и Имотен лист бр. 11572 за КО Охрид 1, на КП бр.8296/2, викано место/улица „Дејан Војвода“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Игор Ефремоски од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100807 за КО Кривогаштани на КП бр.7407/2, викано место/улица „Село“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 19**

Владата по Заклучокот за усна јавна продажба, доставен од извршител Методија Костадинов, под И.бр. 41/18 ги усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 20**

Владата заклучи:

1. Владата за членови на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, ги именува:

- Маја Богеска и
- Иса Хоти.

2. Владата од должноста членови на Националниот совет за ревитализација на Старата скопска чаршија, ги разреши:

- Презвитер Бобан Митевски и
- Марко Тодоров.

2.1 Владата за членови на Националниот совет за ревитализација на Старата скопска чаршија, ги именува:

- Јереј Даниел Јовановски, шеф на Кабинетот на архиепископот, претставник на предлог на Македонската православна црква и
- Стевче Јанкулоски, претставник на Град Скопје.

3. Владата ја именува Сузана Ставриќ-овластен ревизор за член на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

4. Владата го разреши Драги Колевски, од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло-Скопје, на негово барање.

4.1 Владата ја именува Магдалена Младеновска за член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло-Скопје.

5. Владата ја разреши Билјана Поповска Талевска од должноста член на Управниот одбор-претставник од општините на чие подрачје се наоѓа Јавната установа Национален парк Пелистер- Битола, поради истек на мандат.

5.1 Владата го именува Сеат Али за член на Управниот одбор-претставник од општините на чие подрачје се наоѓа Јавната установа Национален парк Пелистер-Битола.

6. Владата од должноста членови на Советот за стручно образование и обука, ги разреши:

- Фатмире Хоџа,
- Тања Тасевска,
- Даниела Белимова,
- Убавка Исијановска,
- Стефан Манчевски и
- Ардита Дема-Мехмети.

6.1 Владата за членови на Советот за стручно образование и обука, ги именува:

- Лилјана Николовска, Министерство за финансии,
- Фатмире Хоџа, Министерство за економија,
- Онур Абди, Биро за развој на образованието,
- Ветон Османи, Агенција за вработување на Република Северна Македонија,
- Орце Симов, Сојуз на стопански комори на Македонија и
- Темјана Митревска, Заедница на единиците на локалната самоуправа.

7. Владата го разреши Африм Ќоку од должноста директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа.

7.1 Владата го именува Ферди Шабани, за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

8. Владата на Фатон Асани му утврди право да остварува плата по престанок на функцијата директор на Агенцијата за управување со одземен имот за време од 12 месеци сметано од 10 март 2023 година до 9 март 2024 година.

9. Владата го разреши Буран Сулејмани од должноста вршител на должноста заменик-директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

9.1 Владата го именува Газменд Рамадани за вршител на должноста заменик-директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

10. Владата ја овласти Марија Митаноска Димовска, да ја претставува Владата на Република Северна Македонија, како акционер во Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации-Скопје, во својство на полномошник, да присуствува на седницата на Собранието на акционери на Друштвото, каде што ќе учествува и ќе гласа во име на Владата на Република Северна Македонија. Полномошното да важи до денот на неговото отповикување, но не подолго од две години од денот на неговото издавање.

11. Владата заклучи:

1. Му препорачува на Собранието на Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации-Скопје да ја констатира оставката на Зоран Китанов, од должноста претседател на Одборот на директори на Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации-Скопје, од редот на неизвршните членови на Одборот на директори.

2. Му предлага на Собранието на Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации-Скопје, за неизвршен член на Одборот на директори да го избере Игор Милев.

3. Му препорачува на Одборот на директори на Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации-Скопје, од редот на неизвршните членови на Одборот на директори, за претседател на Одборот на директори да биде избран Игор Милев.

## Точка 21

**1.** Владата го задолжи Министерството за правда да формира работна група која ќе подготви предлог-иницијатива за потребата од изменување на Уставот на Република Северна Македонија врз основа на заклучоците, донесени од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/22).

**2.** Владата го донесе Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за употреба на имињата на личности, со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 13 април 2023 година до 19 април 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување

со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата по Предлогот на закон за прогласување на Студенчишко Блато за Парк на природата, утврден на Осумдесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 септември 2022 година, наместо претходно определениот претставник Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, за претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието ја определува Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, а наместо претходно определениот повереник Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање, за повереник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието го определува Неби Реџепи, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**5.** Владата заклучи Заклучокот по точка 10 (Информацијата за оправданоста на барањата за вработувања во ЈП за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип), донесен на Сто дваесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 февруари 2023 година да се измени и да гласи:

1) Се препорачува на ЈП за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип вработувањата на неопределено време да ги реализира со динамика, усогласена со планираните испразнувања на работните места во Претпријатието, односно планираниот број на нови вработувања на неопределно време за 2023 година да не надминува 80% од планираниот број на испразнувања во 2023 година.

2) Се препорачува на ЈП за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип работните места кои се неопходни за извршување на основната дејност на претпријатието во 2023 година да ги пополни со вработување/ангажирање на лица на определено време.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 13 април 2023 година до 19 април 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**7.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 13 април 2023 година до 19 април 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**8.** Владата на барање на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи, заклучи Заклучокот по точка 20 (Прашања и предлози), од Нацрт-записникот од Сто четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 април 2023 година, донесен по повод справувањето со кризната состојба, да се измени и да гласи:

„Во врска со справување со кризната состојба, се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да склучи договор со Агенцијата за електронски комуникации, за донација на износ од вкупниот надоместок кој телевизиите на државно ниво преку оператор на дигитален терестријален мултиплекс го плаќаат како надоместок за МУКС за 2023 година; надоместокот кој телевизиите на државно ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа и телевизиите на државно ниво преку сателит го плаќаат за дозвола за телевизиско емитување за 2023 година; надоместокот кој националните радио станици го плаќаат за дистрибуција на сигнал за 2023 година; трошоците кои националните радио станици ги имаат спрема Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за лиценции, радио-телевизиски фреквенции; трошоците спрема Јавното претпријатие Национална радиодифузија за предаватели; трошоци за лиценции и за струја за предаватели за регионалните и локалните радија.

Се задолжуваат Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Јавното претпријатие Национална радиодифузија и Агенцијата за електронски комуникации, во рок од три работни дена, до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да доставaт податоци за висината на наведените надоместоци и трошоци.

Средствата по основ на договорот за донација, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги користи исклучиво за оваа намена, за што е потребно да подготви и до Владата да достави соодветна Предлог-одлука.“

**9.** Државниот правобранител на Република Северна Македонија, Агрон Речи, пред претседателот и членовите на Владата, согласно член 21 од Законот за државното правобранителство, даде свечена изјава која гласи:

„Изјавувам дека во својата работа ќе се придржувам кон Уставот и законите и дека ќе ги штитам имотните права и интереси на Република Северна Македонија и својата функција ќе ја извршувам совесно, одговорно и чесно.“.

**10.** Владата по Предлогот на закон за прогласување на Кањон Матка за споменик на природата, утврден на Сто дваесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 февруари 2023 година, наместо претходно определениот претставник Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, за претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определува Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, а наместо претходно определените повереници, за повереници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието ги определува Неби Реџепи, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Билјана Тешева Ѓорѓиевска, раководител на сектор во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**11.** Владата по Просторниот план на Национален парк Пелистер 2016-2030-Предлог-план, утврден на Седумдесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 август 2022 година, наместо претходно определениот

претставник Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, за претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определува Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, а за повереници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Неби Реџепи, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Дајана Марковска Ристевска, раководител на сектор во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**12.** Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за пренамена на доделени средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година и 2021 година, за наредната седница на Владата поради потребата од дополнително усогласување со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, со цел изнаоѓање на решение за надминување на ова прашање.

**13.** Владата по Предлогот на закон за ратификација на Протоколот за вода и здравје на Конвенцијата од 1992 година за заштита и користење на прекуграничните водотеци и меѓународни езера, утврден на Сто дваесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 февруари 2023 година, наместо претходно определениот претставник Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, за претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието, ја определи Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање.

## Точка 22

Владата го разгледа Извештајот за начинот на искористување на средствата на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“-П.О. Скопје, согласно Одлука бр. 40-9068/1 од 17.8.2021 година и Одлука бр. 40-12861/1 од 21.12.2021 година, со дополнување, како материјал за информирање.

## Точка 23

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, за период од 1 октомври до 31 декември 2022 година, како материјал за информирање.

## Точка 24

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈП „Стрежево“ -Битола, за период од 1 октомври 2022 година до 31 декември 2022 година, како материјал за информирање.

## Точка 25

Владата го разгледа Извештајот за работа на Институт за стандардизација на Република Северна Македонија за 2022 година, како материјал за информирање.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Полугодишниот финансиски и оперативен Извештај за периодот јули-декември 2022 година за „Меѓународниот аеродром Скопје“ и „Св. Апостол Павле“-Охрид на ТАВ Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање од страна на Здружение на граѓани „Засегнати сопственици на недвижен имот“, Берово, со План за реализација, како материјал за информирање.

**Точка 28**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 29**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 30**

Владата го разгледа Акцискиот план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност „Мерки, политики и проекти за заштита и унапредување на пчеларството во Република Северна Македонија“, како материјал за информирање.

**Точка 31**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за одржување состанок на македонско-германската Мешовита комисија за меѓународен патен транспорт на патници и стоки, 26 април 2023 година во Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за именување почесен конзул на Кралството Норвешка во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за одбележување на 30 години членство на Република Северна Македонија во Организацијата на обединетите нации (ООН) во Њујорк и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи, преку Постојаната мисија на Република Северна Македонија при Организацијата на обединетите нации во Њујорк, да изнајми простории во зградата на Организацијата на обединетите нации во Њујорк за одржување две панел-дискусии и прием и да ги спроведе сите потребни организациони и протоколарни активности за реализација на панел-дискусиите и приемот со средства од буџетот на Министерството за надворешни работи за 2023 година, во вкупен износ од 20.000 американски долари.

2. Се задолжува Министерството за култура да ги спроведе сите потребни активности за организација на културен настан посветен на одбележувањето на 5 Мај-Денот на

македонскиот јазик во Њујорк со средства од буџетот на Министерството за култура за 2023 година.

3. Се задолжува Министерството за култура да ги спроведе сите потребни активности за одржување на изложбата на тема: „Граѓанско општество и солидарност“ на 6 мај 2023 година во Македонскиот културен центар во Њујорк, а трошоците за организација на настанот и транспорт на фотографиите/сликите/предметите за изложбата да ги покрие со средства од буџетот на Министерството за култура за 2023 година.

4. Се задолжува Министерството за култура да обезбеди логистичка поддршка за транспорт на изложбата посветена на 30 години членство на Република Северна Македонија во Организацијата на обединетите нации, која ќе биде поставена за време на одржувањето на приемот во Организацијата на обединетите нации.

5. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците за пат и сместување на првиот министер за надворешни работи д-р Денко Малески, за учество на настаните поврзани со одбележувањето на 30-годишнината од приемот на Република Северна Македонија во Организацијата на обединетите нации, во период од втори до шести мај 2023 година.

6. Се задолжува Министерството за култура да ги покрие трошоците за пат за Уранија Пировска и Вики Младенова, на релација Скопје-Њујорк-Скопје за учество, во својство на експерти, на панелот „Граѓанско општество и солидарност“.

**Точка 34**

Владата ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Кралството Норвешка во Република Северна Македонија, со седиште во Скопје.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на проектот за закуп на ЛНГ терминал во Александрополис, Република Грција, со текст на договори и преддоговори и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го одобри текстот на Договорот за Спогодбено раскинување без никаков трошок за која било страна на Преддоговорот за резервација на капацитет (ARCA) бр.08-1622/1 од 14.3.2022, склучен помеѓу Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и Гастрејд С.А. и го задолжи Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да го потпише, најдоцна до 30.4.2023 година.

2. Го одобри текстот на Договорот за Спогодбено раскинување без никаков трошок за било која страна на Дополнителниот договор бр.08-1621/1 од 14.3.2022, склучен помеѓу Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје и Гастрејд С.А. и го задолжи Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да го потпише, најдоцна до 30.4.2023 година.

3. Го одобри текстот на вториот Преддоговор за резервација на капацитет (втора ARCA) и го задолжи Акционерското друштво за производство на електрична енергија

Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да го потпише, најдоцна до 30.4.2023 година.

4. Го одобри текстот на првиот Договор за користење терминал (прва TUA) и го задолжи Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да го потпише, најдоцна до 30.4.2023 година.

5. Го одобри текстот на новиот Дополнителен договор на вториот Преддоговор за резервација на капацитет (втора ARCA) и го задолжи Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да го потпише, најдоцна до 30.4.2023 година.

6. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да изработи бизнис план за трговија и снабдување со гас.

7. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да основа посебен правен ентитет за управување со капацитетот, кој ќе биде соодветно финансиски и кадровски екипиран.

8. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје согласно важечката регулатива во Република Грција и Република Бугарија да се регистрира и да учествува на аукциите за закуп на преносен капацитет во Република Грција и Република Бугарија.

9. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да регистрира правни ентитети во Република Грција и Република Бугарија за целите на поврат на ДДВ, како и други оперативни активности поврзани со набавка, дистрибуција и трговија со гас.

10. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да врши транспорт на природен гас преку интерконекторот со Република Бугарија се додека интерконекторот со Република Грција од која било причина не е изграден.

11. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да започне постапка за долгорочна набавка на ЛНГ.

12. Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да започне преговори за евентуално складирање на гас во Република Бугарија.

**Точка 36**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.

2.Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници, Елвин Хасан, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Димитар Буковалов, раководител на сектор во Министерството за информатичко општество и администрација.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот-Изградба на фекална канализација с.Мустафино, Општина Свети Николе и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии врз основа на даденото позитивно мислење да ги обезбеди предвидените средства во Буџетот на Министерството за животна средина и просторно планирање и тоа за:

- 2023 година 10.250.176,00 денари-со вклучен ДДВ
- 2024 година 28.224.991,00 денари-со вклучен ДДВ
- 2025 година 27.276.234,00 денари-со вклучен ДДВ

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ја започне постапката за повеќегодишна јавна набавка.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот-Намалување на загуби на вода со инсталација на мониторинг систем за далечинско отчитување за потребите на Општина Крива Паланка и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии врз основа на даденото позитивно мислење да ги обезбеди предвидените средства во Буџетот на Министерството за животна средина и просторно планирање и тоа за:

- 2023 година 10.000.000,00 денари со вклучен ДДВ,
- 2024 година 5.284.091,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ја започне постапката за повеќегодишна јавна набавка.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање потребните средства да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

## Точка 39

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Здружението за афирмација на ликовното творештво, организација на ликовниот живот и збогатување на ликовната култура, Друштво на ликовните уметници на Македонија-Скопје, поради потребата предлагачот да обезбеди мислење од Агенцијата за катастар на недвижности.

Материјалот претходно да се разгледа на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

## Точка 40

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за платите на директорите во установите од областа на културата со Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на коефициенти и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата, поради потребата материјалот да се усогласи со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој и Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 41

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за Годишен план за вработување за 2023 година на Министерство за здравство.

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на модулаторна терапија за пациенти болни од цистична фиброза и условно ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност на Министерството за здравство да отпочне преговори и подготви посебен договор со носителот на одобрението за ставање на лековите ivacaftor/tezacaftor/elexacaftor и ivacaftor во промет, односно со правното лице што врши промет на големо со овие лекови, а кое е овластено од производителот на лекот и да го достави до Владата, за добивање согласност пред неговото потпишување.

2. Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, во рок од 15 дена, да обезбеди средства за модулаторна терапија за пациентите болни од цистична фиброза во рамки на средствата за лековите што се покриваат од средствата за задолжително здравствено осигурување, за останатите пациенти со тешка или средно тешка белодробна болест, кај кои е приоритетна модулаторна терапија за 2023 година, а за кои не е набавен лек со досегашните набавки на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести, доколку Министерството за здравство, Министерството за финансии и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија се усогласат по текстот на материјалот, протоколот/упатството за спроведување модулаторна терапија со лековите kaftrio и kalydeco за пациенти со цистична фиброза согласно медицината базирана на докази и меѓународни искуства, како и отворање на Центар за цистична фиброза во ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле.

## Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за поведување постапка за потпишување на Конвенцијата за признавање и извршување на странски пресуди во граѓански или трговски работи (Хаг, 2 јули 2019 година), со текст на Конвенција и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Конвенцијата за признавање и извршување на странски пресуди во граѓански или трговски работи (Хаг, 2 јули 2019 година).

2.Се определува м-р Кренар Лога, министер за правда, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Конвенцијата за признавање и извршување на странски пресуди во граѓански или трговски работи (Хаг, 2 јули 2019 година).

## Точка 44

Владата ја донесе Уредбата за начинот и постапката за користење на финансиска поддршка за мерките за рурален развој финансирани од Програмата ИПАРД 2021-2027.

## Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Јурукоски Секо ДООЕЛ против Северна Македонија А.бр. 471/19 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот Јурукоски Секо ДООЕЛ против Северна Македонија А.бр. 471/19.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата, на компанијата-апликант од предметот Јурукоски Секо ДООЕЛ против Северна Македонија А.бр. 471/19, ќе ѝ исплати вкупен износ од 4.450 евра во денарска противвредност.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај компанијата апликант во предметот Јурукоски Секо ДООЕЛ против Северна Македонија А.бр. 471/19, да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права да изрази еднострана декларација и за целите на конечно решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права на апликантот да му понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на ИПА проектот „Зајакнување на е-Влада“ и Акцискиот план за реализација на активности, ја усвои Информацијата и го прифати Акцискиот план, со заклучок текстот на истиот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 47**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата на реализирање и воспоставување на единствена сообраќајна површина, пред и по управната зграда на ГП Табановце со намена Е1-комунална инфраструктура-сообраќајна инфраструктура и притоа ги донесе следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Ја усвои Информацијата за потребата на реализирање и воспоставување на единствена сообраќајна површина, пред и по управната зграда на ГП Табановце со намена Е1-комунална инфраструктура-сообраќајна инфраструктура.

2. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, заедно со Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о., во соработка со Царинската управа, до 20 мај 2023 година, да обезбедат асфалтирање на островските површини од сообраќајната инфраструктура-намена Е1 на ГП Табановце со реализирање на сите припремни работи, монтажно-демонтажни и дислокациски активности и изработка на сообраќајна хоризонтална сигнализација согласно на договорениот модел за one-stop-shop на заедничкиот граничен премин Табановце-Прешево.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:10 часот.

| | |
|---|---|
| **Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија** | **Претседател на Владата на Република Северна Македонија** |
| **м-р Методија Димовски** | **д-р Димитар Ковачевски** |